09-1660/4
01-09-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22 - тата седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен со број 09-1660/1 од 30.05.2025 година оформен во врска со назначувањето на лицето ------------- за државен советник во Министерството за ----------------- и унапредување на неговата сопруга во истото министерство, СЕ ЗАПИРА.
По утврдување на фактичката состојба, ДКСК констатира дека наводите не се потврдуваат и не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1660/1 од 30.05.2025 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на донесен заклучок на состанок на Колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.05.2025 година, согласно со член 76 став 1 и став 2 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со испратено новинарско прашање од -------------- за назначување на лицето ------------- за државен секретар во Министерството за ------------------, кумашин на претседателот на -------------- на РСМ, а воедно и унапредување на неговата сопруга ---------------- како раководител на сектор во истото министерство.

Заради утврдување на фактичката состојба, Државната комисија се обрати до Министерството за ----------------- и врз основа на прибавената документација се утврди следново:
Лицето ----------- е вработено во Министерството за ----------------- уште од 2004 година. Од 2010 година е на работно место Раководител на одделение.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно годишниот план за вработување за 2025 година на која е добиена согласност од Министерството за јавна администрација, предвидено е пополнување на работно место Државен советник за организација и координација на подрачните единици. Ова работно место е предвидено со Правилникот за систематизација за работни места во Министерството за ------------------------- од 01.06.2015 година, а на кое е добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација од 07.09.2015 година. Од страна на Министерството за -------------------- до Министерството за финансии доставено е барање од 24.02.2025 година со кое се бара финансиска согласност за пополнување на работно место Државен советник за организација и координација на подрачните единици. Од страна на Министерството за финансии во врска со барањето за согласност до Министерството за ------------------- на ден 03.03.2025 гоина имаат доставено одговор со кој ги информираат дека се обезбедени финансиски средства за поплнување на наведното работно место.

Согласно член 48 став 3 од Законот за административни службеници, државниот секретар во Министерството за ----------------------------, до Секторот за човечки ресурси има доставено барање за започнување постапка за унапредување на административни службеници на ден 13.03.2025 година.

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за административни службеници, државниот секретар на ден 27.05.2025 година донесува Одлука за избор на единствен кандидат, кој воедно е и прворангиран. На ден 02.06.2025 година по конечност на Одлуката за селекција, министерот носи Решение за унапредување, распоредување и определување на плата на административниот службеник ------------------. Државната комисија утврди дека постапката за унапредување е законски спроведена видно од доставената документација.

Во однос на лицето -----------------, сопруга на лицето ------------ (согласно наводите од новинарското прашање), со доставениот допис од Министерството за ------------------------- ја информираат Државната комисија дека не располагаат со никакви податоци по однос на тоа лице, дека немало вработен со тоа име и презиме, односно за такво лице нема податоци за вработување, унапредување или по било кој друг основ засновање на работен однос во министерството.

Согласно утврдената фактичка состојба, Државната комисија констатира дека унапредувањето на лицето --------------, вработено во Министерството за ------------------------ е извршено согласно Законот за административни службеници, по што претседателот на Владата на РСМ не учествува во неговата постапка за унапредување, односно нема надлежност за истото.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во однос на кумашинската врска помеѓу лицето ------------------ и претседателот на ---------------- - на РСМ, Државната комисија не пристапи кон утврдување на истата од причина што кум и кумашин не се блиски лица согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно кој „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б. - член на ДКСК